# Дневна хемеротека за *20.07.2017г.*

## МИА - *Министерот Дураку се сретна со финскиот амбасадор Иконен*

http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/31/133783297

**Министерот Дураки се сретна со финскиот амбасадор Иконен**

среда, 19 јули 2017 14:42



**Скопје, 19 јули 2017 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураки денеска се сретна со амбасадорот на Финска во Република Македонија Перти Иконен.

На средбата, како што соопшти МЖСПП, се разговараше за досегашната успешна соработка меѓу двете држави и за новите развојни перспективи од областа животна средина кои ќе се отворат со понатамошно споделување на позитивните искуства меѓу двете страни.

- Посебен акцент беше ставен на успешно имплементираните твининг проекти од областа на воздухот во Македонија, каде главен партнер беше Финска, преку Финскиот метеоролошки институт, се вели во соопштението од МЖСПП. **мд/са/14:42**

## Точка - *Министерот Дураку се сретна со финскиот амбасадор Иконен*

**http://tocka.com.mk/vesti/238596/ministerot-duraku-se-sretna-so-finskiot-ambasador-ikonen**

## ТВ21 - *Министерот Дураки се сретна со финскиот амбасадор Иконен*

**http://tv21.tv/mk/%d0%bc%d0%b8%d0%bd%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b5%d1%80%d0%be%d1%82-%d0%b4%d1%83%d1%80%d0%b0%d0%ba%d0%b8-%d1%81%d0%b5-%d1%81%d1%80%d0%b5%d1%82%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d0%be-%d1%84%d0%b8%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b8/**

## МИА - Работилница за идните политики и инвестиции во секторот води

http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/31/133782869

### Работилница за идните политики и инвестиции во секторот води

среда, 19 јули 2017 13:18




**Скопје, 19 јули 2017 (МИА)** - Околу една милијарда и триста илјади евра треба да се инвестираат во наредните 25 години во секторот води. Овие средства во најголема мера се потребни за изградба на инфраструктура за собирање и пречистување на урбаните отпадни води, но и за подобрување на водоснабдувањето.

Ова денеска го истакна министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураки на отворањето на работилницата „Презентација на идните политики и идентификувни инвестиции за управување во секторот води, потребни за усогласување со директивите на ЕУ". Работилницата е во рамки на проектот „Развој на национална студија за води" финансиран од ЕУ.

- Спроведуваме значајна реформа која има за цел да ги зајакне главните чинители во управувањето со водите, пред се јавните комунални претпријатија на општините. Со реформите сакаме да воспоставиме систем кој ќе овозможи одржливо самофинансирање и подигнување на квалитетот на водните услуги што ги даваат овие претпријатија, рече Дураки.

Тој нагласи дека ресорното министерство пристапило кон детална проценка на сите инвестиции што се потребни за да ги постигнеме стандардите утврдени во европското и националното законодавство за управување со водите.

- Затоа ни е потребно добро планирање и зајакнување на капацитетите на сите чинители кои на крај ќе треба не само да ги примат, туку и да управуваат со целата инфраструктура што ќе треба да ја градиме во иднина. Повеќе од 90 отсто од потребната инфраструктура ќе биде дадена на управување на јавните комунални претпријатија, поради што мораме во иднина да ги поддржуваме во нивниот развој, рече Дураки.

Јадранка Иванова, раководител на Сектор за ЕУ во Министерството за животна средина и просторно планирање појасни дека проектот „Развој на национална студија за води" опфаќа подготовка на неколку документи кои се насочени во оценување на сите потребни услови за да може да ги постигнеме стандардите на ЕУ и нашите стандарди во секторот води.

Таа посочи дека е направена проценка на потребните инвестиции за водоснабдување на населението и за собирање, одведување и третман на урбаните отпади води. Во сите градови во Република Македонија, како што рече, се направи проценка на водоводната и канализациската мрежа и направивме проценка на трошоците што се потребни за изградба на пречистителни станици, односно трошоци за прочистување на урбаната отпадна вода.

- Сегашните проценки се дека ни е потребно околу милијарда и 300 илјади евра за да можеме да ги исполниме тие стандарди и како временска рамка некаде би се движеле до 2040 година, што е во согласност со искуствата и временската рамка од новите земји членки на ЕУ. Како членка на ЕУ ние би добиле и речиси трипати поголема помош од ЕУ од онаа што во моментов ја добиваме. Главниот товар, главната помош во таа инвестиција ќе доаѓа од ЕУ, рече Иванова.

Таа информира дека во рамки на проектот требало да се утврди политиката во однос на милта, што се случува со милта која како нус производ останува од самите пречистителни станици. - Во Македонија ќе имаме изградено барем 100 станици за пречистување на отпадни води, рече Иванова.

Според тим лидерот на проектот Џејмс Хант успехот на процесот на реформи во секторот на води и планот за инвестиции зависи од волјата и подготвеноста на Владата, од донаторите и од единиците на локалната самоуправа кои, како што рече, треба да утврдат правична цена за водата. Од огромно значење, како што рече, е подготвеноста на јавните комунални претпријатија, кои треба да продолжат со модернизирање и развој, а граѓаните да ја препознаат важноста на водите, да платат правична цена и да не ја трошат залудно.

На работилницата присуствуваа претставници од општините и од јавните комунални претпријатија. **мд/паг/13:18**

## A1 On - [*Работилница за идните политики и инвестиции во секторот води*](http://a1on.mk/archives/766317)

http://a1on.mk/archives/766317

## Локално - [*Дураки: Управувањето со водите е најскапиот сектор во европските интеграции*](http://lokalno.mk/duraki-upravuvaneto-so-vodite-e-najskapiot-sektor-vo-evropskite-integratsii/)

http://lokalno.mk/duraki-upravuvaneto-so-vodite-e-najskapiot-sektor-vo-evropskite-integratsii/

## 24 Вести - *Проблеми со диви депонии*

http://24vesti.com.mk/problemi-so-divi-deponii

# Проблеми со диви депонии

19.07.2017 | 18:13 Македонија Прочитано: 828

Со изградба на регионална депонија во општина Дебрца би се решил проблемот со депонирањето на отпадот во Охрид и Струга сметаат домашните но и европските екперти за животна средина.



Според плановите таа депонија би требало да биде изградена до 2020 година а дотогаш дивите меѓу кои и проблематичната во Струга да бидат затворени за депонирање на отпад велат од Министерството за животна средина.

„Во сите нестандардни депонии, за сите од нив се подготвуваат проекти за затворање и дислоцирање." - изјави Ана Каранфиловска Мазнова - Министерство за животна средина.

Во новиот проект финансиран од Европската Унија експертите претходно ги испитале сите релевантни фактори и сметаат дека иделна локација за новата регионална депонија е во Дебрца. Сепак до крајот на годинава за реализација на планот зелено светло треба да дадат и општините.

„Го разгледавме целиот регион и 12 потенцијални локации и онаа која е одбрана е Дебарца" - изјави Христос Цомпанидис, лидер на проектот

И граѓаните се за идејата да се изгради регионална депонија, но не на понудената локација. Според нив идеално би било истата да биде изградена во Кичево.

И граѓаните се за идејата да се изгради регионална депонија, но не на понудената локација. Според нив идеално би било истата да биде изградена во Кичево.

„Локацијата е лошо избрана која не треба да се дозволи." - вели Трајче Талевски.

Во Охридско струшкиот регион се регистрирани 90 диви депонии. Изградбата на регионални како идеја е зачната уште пред неколку години, но до денес постои само на хартија. Околу 99 отсто комуналниот отпад во Македонија се депонира, а сеуште нема преработка. До отворање на регионалните експертите сметаат дека е потребен и комбиниран третман на постоечките депонии.




## ТВМ - *Нов обид за изградба на депонија во југозападниот плански регион*

http://tvm.mk/vesti/ohrid/25891-nov-obid-za-izgradba-na-deponija-vo-jugozapadniot-planski-region

## Спектра ТВ - *Денеска во Охрид се одржува Јавна расправа по Студијата за интегриран систем за управување со цврст отпад за ...*

http://spektra.com.mk/lokalni/deneska-vo-ohrid-se-odrzuva-javna-rasprava-po-studijata-za-integriran-sistem-za-upravuvanje-so-cvrst-otpad-za-jugozapadniot-planski-region